Асоцијација АПЈН Скопје

**Асоцијација на професионалци во јавните набавки во Република Северна Македонија сметка бр. 270-0726791601.08 Халк Банка даночен број: 4080018572328**

JADRANSKI FORUM JAVNIH NABAVKI

ОХРИД

14-17 Септември 2021 година

Почитувани,

**Асоцијацијата на професионалци во јавните набавки во Република Северна Македонија[1] ([www.apjn.mk](www.apjn.mk)) во соработка со Канцеларијата за буџетско и финансиско работење[2]** ([www.javnefinansije.rs](www.javnefinansije.rs)) Ве поканувааат на стручна конференција од областа на јавните набавки под името: **ЈАДРАНСКИ ФОРУМ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ во Охрид, Република Северна Македонија**.

***Охрид е културен, духовен и туристички центар на Македонија, и како круна на вредностите, Охрид и Охридското Езеро се светско културно и природно богатство под заштита на УНЕСКО од 1980 година. Охрид, е вечниот град на митскиот Балкан, волшебниот рид на Македонија, со своето исконско пулсирање ги поврзува старите во новите времиња, за навек.***

**Асоцијацијата на професионалци во јавните набавки во Република Северна Македонија** обезбедува на едно место да се спојат праксата и теоријата, со користење на искуствата од областа на јавните набавки на нејзините членови и партнери, со цел да создаде добра пракса и соодветна примена на Законот за јавните набавки, неговите подзаконски акти и добрата меѓународна пракса. АПЈН со своето делување придонесува за поголем економскиот развој на Република Северна Македонија преку ефикасен систем на јавни набавки, градење на професионален капацитет за нивно спроведување како и интензивна регионална соработка.

[1] АПЈН

[2] PFO –Public finance Office

ул. Томе Арсовски бр. 49 А, локал 15, 1000 Скопје
тел: 02/5125-240
www.apjn.mk
contact@apjn.mk

**Канцеларијата за буџетско и финансиско работење - PFO** е специјализирана компанија во Република Србија за пренос на знаење и градење на капацитетите, која на своите клиенти има обезбедува консултантски услуги во сите свери на финансиското и правното работење, а со цел остварување придобивки од воспоставување регионална соработка во областа на јавните набавки.

Собрани на едно место во древниот Охрид, експертите од областа на јавните набавки од **Република Северна Македонија, Република Србија, Република Црна Гора и Република Хрватска,** преку стручна и непосредна дискусија, дијалог и размена на мислења и искуства ќе се потрудат да дојдат до заеднички заклучоци и ставови. Овој настан е продолжение на претходно одржаниот Јадрански форум во Порторож во 2019 година. На овој начин се воспостави мрежа на професионалци на регионално ниво која придонесува кон развој на системот на јавни набавки и професионализација на оваа област.

Форумот, како посебна форма на експертски состанок е идеално место за средба на:
- преставници од земјите учесници,
- претставници од понудувачите,
- вработени лица на различните нивоа на управување согласно доделените овластувања и одговорности,
- раководни лица на различните нивоа на управување согласно доделените овластувања и одговорности,
- одговорни лица на институции
- претставници од набавувачите и сите останати засегнати страни (ревизорски тела, комисии за јавни набавки, комисија за жалби по јавните набавки, и други).

Сите тие ќе имаат можност да разменат искуство и преку непосредни средби да остварат партнерства за идна соработка и деловни активности.

Заедничката организација на форумот вклучува:

- Обезбедување релевантни говорници од секоја земја кооорганизатор
  1. Претставник од Државната комисија за жалби во јавните набавки или соодветно
  2. Претставник од договорен орган или соодветно
  3. Претставник од професионално здружение на службеници за јавни набавки или соодветно
  4. Претставник од професионално здружение на понудувачи или соодветно

Форумот ќе биде организиран преку пленарна сесија со искусни говорници, претставници на релевантни институции и експерти од областа на јавните набавки.

**Асоцијацијата на професионалци во јавните набавки во Република Северна Македонија- АПЈН** и **Канцеларијата за буџетско и финансиско работење, Република Србија -PFO** како иницијатори на идејата за организација на регионална конференција, Јадрански форум за јавни набавки, ја подготвија следната агенда, која Ви ја доставуваме во продолжение.

Форумот ќе биде организиран преку тематска панел сесија.

Сесијата ќе биде модерирана, интерактивна и во форма на партиципативна дебата.
Модераторот накратко ќе го претстави секој панелист и ќе ги покани говорниците во кратки црти да ги претстават своите погледи на темата.

Модераторот ќе се обиде да ја вклучи публиката во почетокот од дебатата со цел дискусијата да биде интересна и релевантна, поканувајќи ја публиката во и надвор од салата да учествува во разговорот со што ќе даваат свои ставови и коментари и ќе поставуваат прашања до говорниците.

Модераторот ќе ја подели дебатата во помали делови и ќе ги користи социјалните медиуми преку кои би се вклучила публиката во текот на дебатата во разговори кои ќе бидат привлечни.

**Конкретно:**

| | |
|---|---|
| За добредојде – 8 мин | Се упатува добредојде на публиката<br>Претставување на темата и краток преглед на дебатата, со куси основни информации. |

| | |
|---|---|
| | Претставување на панелистите |
| резентација – 25 мин | Панелистите ги изнесуваат своите гледишта за темата.<br>Поканување на говорниците да ја поттикнат дебатата за да ги поттикнат дискусиите. |
| Интерактивна дебата–45мин | Прашања и одговори од публиката и говорниците<br>Вклучувајќи 2 планирани прашања од модераторот: прашање или коментар на став кој е расветлен во тек на претходната дискусија. |
| Завршување/<br>крај на дебатата - 8мин | Завршни забелешки на говорникот: Секој па-нелист ќе добие по една минута.<br>На крај, модераторот ја завршува дебатата, заблагодарувајќи се на панелистите и публиката и ја затвара сесијата. |

-**Учесниците треба да се пријават** најдоцна **до 05 септември 2021** во АПЈН кај лице за контакт: **Андријана – тел за контакт** : 078 497 412 или на е-маил: contact@apjn.mk или apjnskopje@gmail.com

-**Резервациите за сместувањето** се прават директно во хотелот на тел. 046 203 058 или на е-маил: **sales@metropol-ohrid.com.mk** кај лице за контакт Билјана Силјаноска.



## Гости од делегацијата на Европската Унија во Р.С.Македонија

## Г-дин Freek Janmaat – Head of section Economic Issues, Institution Building and Cross Border Cooperation

## Предавачи на АПЈН:

**М-р Кирил Каранфилов** – Претседател на Државната комисија за жалби по јавни набавки на Република Северна Македонија

**Маја Кухар** – дипл. правник – Претседател на Државната комисија за контрола на постапките по јавни набавки на Република Хрватска

**Борче Христов** – Претседател на АПЈН, експерт за јавни набавки.

**Д-р Маре Богева Мицовска** – Ко-основач на АПЈН, експерт и сертифициран обучувач за јавните набавки

**М-р Светислав Радовиќ** – генерален секретар во Државната комисија за жалби по јавни набавки на Република Северна Македонија

**Власта Ружиновска** – експерт во Светска банка

**Тони Јакимовски**- CFCD, Министерство за финансии

## 3. ДОПОЛНИТЕЛНИ КАРАКТЕРИСТИКИ ЗА ОБУКАТА

- Решавање на реални проблеми во областа јавни набавки преку поставување на прашања;
-Слободно вклучување во дискусија;
-Единствена можност за размена на мислење и дискусија со лица кои се дел од системот на јавните набавки со големо практично искуство.

## 4. Време и место на одржување на обуката:

14-17.09.2021 година, во **хотел Метропол во Охрид**



## Хотелско сместување

- еднокреветна соба на база полн пансион за **едно ноќевање** - 4500,00 денари со вклучена туристичка такса и вклучен ДДВ односно цена од 13.500,00 денари за три ноќевања на база полн пансион
- двокреветна соба на база полн пансион за **едно ноќевање** 3500,00 денари денари со вклучена туристичка такса и вклучен ДДВ односно цена од 10.500,00 денари за три ноќевања на база полн пансион
-

*(Оброците вклучуваат консумација на еден безалкохолен негазиран пијалак или вода)

- **Резервациите за сместувањето** се прават директно во хотелот на тел. 046 203 058 или на е-маил: **sales@metropol-ohrid.com.mk** кај лице за контакт Биљана Силјаноска.

Котизација за учество на обуката за едно лице е **12.600,00 денари вкупно за четири дена (Асоцијацијата не е ДДВ обврзник),**

Во котизацијата за присуство на форумот и обука се вклучени предавања, кафе пауза, материјали, во електронска форма, сертификат, излет со брод, забавна вечера

За пријавени тројца или повеќе учесници од ист правен субјект следува попуст од 10%. Плаќањето се врши врз основа на профактура - фактура, пред почетокот на обуката.